РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр.13, 1000 Скопје, тел. 02/3289-200; факс 02/3224-611
www.aec.mk email: contact@aec.mk

Наш број 02-144/25-1
Скопје 30.03.2011

Врз основа на член 17, а во врска со член 45 став (4) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на Република Македонија број 13/2005, 14/2007, 55/2007 98/2008 и 83/2010) и член 42 став (2) од Правилникот за нивото на деталност на информациите што ќе бидат објавени во референтните понуди за интерконекција и начинот на нивното објавување (Службен весник на Република Македонија број 154/2008), во постапката на одобрување референтната понуда за интерконекција на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.03.2011 година донесе

## О Д О Б Р Е Н И Е

I

СЕ ОДОБРУВА Референтната понуда за интерконекција на НЕОТЕЛ ДОО Скопје, доставена до Агенцијата за електронски комуникации под број 02-144/14 од 18.02.2011 година.

II

СЕ ЗАДОЛЖУВА НЕОТЕЛ ДОО Скопје, во рок од пет дена од денот на приемот на ова одобрение на својата веб страна да ја објави Референтната понуда за интерконекција од точка I на ова одобрение.

III

Ова одобрение влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за електронски комуникации на НЕОТЕЛ ДОО Скопје како на оператор со значителна пазарна моќ на релевантниот пазар за продажба на производи и услуги на големо - Услуга за завршување на повик во јавни телефонска мрежа на фиксна локација, му има наметнато обврска висината на цените за интерконекција, што ги нуди, да бидат базирани на трошоци и контрола на цени.

## ПРИЛОГ 3. НАДОМЕСТОЦИ

1. Надоместоци за Интерконекциската услуга која НЕОТЕЛ ја обезбедува на Операторот

1.1. Надоместоци за Интерконекциската Услуга за терминирање на национален говорен сообраќај во мрежата на НЕОТЕЛ кој оригинира од мрежата на Операторот

| **Основни Услуги За Сообраќај** | **Надомест по минута сообраќај** | |
|---|---|---|
| | **Период со нормална тарифа** | **Период со ефтина тарифа** |
| | **МКД/минута** | **МКД/минута** |
| **Услуга За Национално Терминирање** | **0,730,88** | **0,310,58** |

Сите надоместоци се без вклучен ДДВ.

1.2. Надоместоци за Интерконекција

1.2.1. За иницијалното воспоставување на Интерконекцијата, за користење, како и за секоја понатамошна надградба на Интерконекцијата, Операторот ќе ги плати трошоците за Интерконекција спрема ценовникот на НЕОТЕЛ утврден во Табела 1 од овој член.

Табела 1. Надоместоци за иницијално воспоставување, надоградување и користење на Интерконекција

| Реден број | Услуга | Надоместоци во денари (без ДДВ)* |
|---|---|---|
| | **ЕДНОКРАТНИ НАДОМЕСТОЦИ** | |
| 1) | Еднократен надоместок за воспоставување интерконекција и тестови за системи за комутација | 155.000,00 |
| 2) | Промена на сетинзите за рутирање на барање на операторот, но не се однесува на промени заради имплементација на дополнителни серии на броеви | 10.000,00 денари по секоја промена |
| 3) | Подесувања/промени во мрежата на НЕОТЕЛ, по настан | Врз база на реално настанати трошоци |
| 4) | Други трошоци | Врз база на реално настанати трошоци |
| 5) | Еднократен надоместок за секој активен Е1 интерфејс на страната на Интерконекциска точка на НЕОТЕЛ во рамки на Внатрешната секција | 60.000,00 денари |
| | **МЕСЕЧНИ НАДОМЕСТОЦИ** | |
| 6) | Месечен надоместок за секој активен Е1 интерфејс на страната на Интерконекциска точка на НЕОТЕЛ во рамки на Внатрешната секција | 10.600,00 денари |
| 7) | Месечен надоместок за администрација и одржување на Интерконекција | 9.500,00 денари |
| 8) | Месечен надоместок за управување, одржување и поддршка на сигнален линк | 1.500,00 денари |

*(Надоместоците се изразени без вклучен ДДВ)

1.2.2. Доколку поради техничките карактеристики на опремата на Операторот, НЕОТЕЛ треба да инсталира дополнителни уреди, НЕОТЕЛ ќе му ги наплати на Операторот сите трошоци поврзани со набавката и поставувањето на таа дополнителна опрема.

1.2.3. По откажувањето на Интерконекцијата или по раскинување на Договорот за интерконекција склучен врз основа на оваа РПИ, НЕОТЕЛ не е обврзан да му ги врати на Операторот платените надоместоци дефинирани во Табела 1.

1.2.4. Надомест за пренесување на број изнесува 200 ден/број

1.3. Измена на применетите надоместоци

1.3.1. Измената на применетите надоместоци дефинирани во овој Прилог 3 од РПИ единствено може да се случи врз основа на пропишаното во член 21 од главниот текст на РПИ.